**ЗАПИСНИК**
**од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.02.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со Точката бр.2 објасни дека во материјалите има детален список на 13 предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволата и дека се работи за 6 телевизии и 7 радија, додека кај Точката бр.3 објасни дека во материјалите има 4 предлози за покренување постапки и дека се работи за 2 телевизии и 2 радија.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.02.2020 година.
2. Предлози за запирање на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
3. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
4. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со 13-те предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување предложи објаснувањето и општата дискусијата да биде заедничка за сите 13 предлози, додека гласањето да биде поединечно за секој радиодифузер посебно.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека на 8-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 14.02.2020 година беа иницирани постапки одземање на дозволата на 22 трговски радиодифузни друштва, 9 телевизии и 13 радија, поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Во меѓувреме некои од нив извршиле уплата и затоа се предлага за сите 13 радиодифузери да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

2.1 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година.

На 17.01.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 40.286,00 (четириесет илјади двесте осумдесет и шест) денари, на 10.02.2020 година изврши уплата во износ од 40.000,00 (четириесет илјади) денари и на 14.02.2020 година изврши уплата во износ од 16.000,00 (шеснаесет илјади) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.2 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година.

На 17.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 71.684,00 (седумдесет и една илјада шестотини осумдесет и четири) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.3 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТВ – АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година.

На 17.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 53.948,00 (педесет и три илјади деветстотини четириесет и осум) денари, со што

радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.4 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година.

На 04.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 566.795,00 (петстотини шеесет и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари и на 18.02.2020 година изврши уплата во износ од 200.000,00 (двесте илјади) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.5 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.08-1 од 05.01.2015 година.

На 19.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 2.657.131,00 (два милиона шестотини педесет и седум илјади сто триесет и еден) денар со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.6 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за ТВ емитување за ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес бр.08-50 од 05.01.2015 година.

На 19.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 79.827,00 (седумдесет и девет илјади осумстотини дваесет и седум) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.7 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола Универзитет Свети Климент Охридски Битола, бр.08-89 од 05.01.2015 година.

На 14.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 12.882,00 (дванаесет илјади и осумстотини осумдесет и два) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.8 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ-Универзитет Гоце Делчев, бр.08-135 од 05.01.2015 година.

На 18.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 8.989,00 (осум илјади деветстотини осумдесет и девет) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.9 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година.

На 04.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 104.781,00 (сто и четири илјади и седумстотини осумдесет и еден) денар и на 18.02.2020 година изврши уплата во износ од 80.000,00 (осумдесет илјади) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.10 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ, бр.08-70 од 05.01.2015 година.

На 15.01.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 55.967,00 (педесет и пет илјади деветстотини шеесет и седум) денари и на 18.02.2020 година изврши уплата во износ од 80.000,00 (осумдесет илјади) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.11 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, бр.08-84 од 05.01.2015 година.

На 19.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 9.413,00 (девет илјади четиристотини и тринаесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.12 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување за РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година.

На 14.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 110.000,00 (сто и десет илјади) денари и на 19.02.2020 година изврши уплата во износ од 74.781,00 (седумдесет и четири илјади и седумстотини осумдесет и еден) денар, со

што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

2.13 Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година.

На 20.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 14.447,00 (четиринаесет илјади и четиристотини четириесет и седум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека за сите наведени предлози има едно образложение а тоа е дека не го платиле навремено и во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Од таа причина се предлага да се отпочне постапка за одземање на дозволата за сите 4 радиодифузери.

3.1. Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-657/1 од 17.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0008 од 09.01.2020 година заклучно со 14.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 766.795,00 (седумстотини шеесет и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари.

3.2. Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-664/1 од 18.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот

надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0012 од 09.01.2020 година заклучно со 17.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 766.795,00 (седумстотини шеесет и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари.

3.3. Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-658/1 од 17.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0048 од 09.01.2020 година заклучно со 14.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 194.239,00 (сто деведесет и четири илјади и двесте триесет и девет) денари.

3.4. Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, бр.08-113 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-755/1 од 20.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2020-100-0077 од 09.01.2020 година заклучно со 19.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 23.320,00 (дваесет и три илјади и триста и дваесет) денари.

Г-дин Петрушевски побара од службата да се известат радиодифузерите за точниот рок до кога најдоцна треба да извршат уплата. Изрази надеж дека сите навремено ќе го подмират долгот за да не им се одземе дозволата поради финансиски причини.

**Бр. 02-718/19**
**27.02.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**